Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образованиеи наука донесе наставна програма по предметот *македонски јазик* за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**II ОДДЕЛЕНИЕ**

Скопје, мај 2009

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува кон активно слушање;
- да се оспособува за правилно артикулирање на вербалниот говор;
- да ги усвои печатните кирилски букви;
- да се оспособува за правилно читање и пишување;
- да се запознае со основните говорни елементи (глас, збор и реченица);
- да се оспособува за користење на елементарните граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- да формира навики за правилно седење при читањето и пишувањето;
- да се воведува во народната и уметничката литература од сопствената и другите култури;
- да се воведува во структурирано усно и писмено изразување и творење;
- да го збогатува речникот со нови зборови;
- да се упатува во основните барања за анализа на текстовите;
- да се оспособува да користи компјутер во функција на предметот.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да се оспособува да набљудува предмети во училницата, во училиштето и непосредната околина, да ги забележува нивните битни својства и да ги опишува; | - Набљудување, забележување, раскажување и опишување | (Набљудување)<br>(Забележување)<br>(Раскажување)<br>(Опишување)<br><br>* Поимите во заграда се за наставниците | -Набљудување на предметите.<br>во училницата (да ги забележуваат битните својства и намената), раскажување и опишување на истите (набљудување и посочување на конкретни предмети во училницата, опишување на најзначајните карактеристики - (боја, форма, големина).<br>- Вежби: откривање предмет врз основа на опишување на неговите карактеристики (пронајди го скриениот предмет). |
| - да се оспособува да одговара на прашања со целосна (едноставна) реченица и да поставува прашања; | - Прашања и одговори | - Прашање<br>- Одговор | -Вежби и игровни активности за одговарање на прашања за видено, слушнато и доживеано.<br>-Вежби и игровни активности со поставување прашања.<br>- Работа во пар и поставување на прашање со помош на слика. |
| - да усвојува поим за реченицата (да формира претстава за реченицата);<br>- да се запознава со нејзината содржина и функција;<br>- да се оспособува да го усвои поимот за зборот како дел од реченицата и зборот како име за предметите | Поим за:<br>- реченица<br>- збор | - Реченица<br>- Збор | -Вежби за воочување на реченица во говорот.<br>-Вежби за стекнување на поими преку именување на предмети.<br>-Вежби за воочување на зборови во реченицата како елементи на реченицата и како симбол (име) за означување на суштества, предмети и појави.<br>-Составување реченица со помош на слика-составена од именка, глагол и прилог.<br>-Составување реченици по серија слики. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го усвојува поимот за гласот како дел од зборот;<br>- да го воочува гласот во различни позиции во зборот (иницијална, медијална, финална);<br>- правилно да ги изговара гласовите; | - Поим за глас | - Глас | -Аналитичко-синтетички вежби за формирање на поимот за глас како елемент на зборот.<br>-Игра: „На буква, на буква'' (вежби за правилна артикулација на гласови и корекција на неправилен изговор). |
| - да го увежба прецизното графичко претставување на деловите на елементите на буквите; | - Исправена линија, легната линија, права исправена линија, коса линија налево, коса линија надесно, долен полукруг, лев и десен полу круг, круг | - Исправена линија, легната линија, права исправена линија, коса линија налево, коса линија надесно, долен полукруг, лев и десен полукруг, круг | -Вежби за слободно цртање на елементите на буквите: исправена линија, легната линија, права исправена линија, коса линија на лево, коса линија на десно, долен полукруг, лев и десен полукруг, круг во определен простор (вежби за развој на графомоторика). |
| -да се оспособува да ги препознава симболите на гласовите и да ги поврзува во зборови (поим за буква);<br>- да се оспособува да пишува печатни букви;<br>- да се оспособува да чита зборови и текст; | -Графички симболи (печатни букви) за македонското кирилско писмо | - Македонско печатно кирилско писмо<br>- буква (симбол, графема, знак) | Вежби за воочување на буквата како графички симбол на гласот и нејзино изговарање, правилен изговор и симултано воочување во зборот.<br>- Вежби за правилно пишување на големите и малите печатни букви.<br>- Вежби за пишување на слогови.<br>Вежби за пишување зборови и реченици со печатни букви. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -Вежби за читање на зборови од разни извори.<br>-Вежби за читање со проверување на сфаќањето и разбирањето на текстот и поимите во него.<br>-Вежби за отстранување на најчестите грешки при читањето (неправилно изговарање на зборови, неправилно акцен-тирање, испуштање на гласови и слогови, особено последниот, заменување на гласови и неправилно дишење).<br>(Вежби за корекција на неправилно прочитан и изговорен глас, слог, збор.<br>-Вежби за воспоставување на контрола при читање и самостојно коригирање на грешките.<br>-Вежби за навикнување на учениците за правилно дишење при читањето. |
| - да се запознава со правилото за пишување на голема буква на почетокот на реченицата, како и со пишување на го-лема буква кај сопствените имиња; | -Пишување на голема буква на почеток на реченицата<br>-Пишување на сопствените имиња со голема буква | Пишување на голема буква | -Вежби за разликување на големите и малите букви во реченицата (зборовите).<br>Вежби за воочување на голема буква кај сопствените имиња и на почетокот на реченицата (со употреба на конкретни примери). |
| - да се запознава со интерпунк-циските знаци (поим);<br>- да се упатува правилно да ги применува при читањето; | -Интерпункциски знаци | - Точка<br>- Запирка<br>- Прашалник<br>- Извичник | Вежби за препознавање на интерпункциските знаци и нивна примена при читањето (точка и прашалник). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги усвојува малите и големите ракописни букви и нивното поврзување во зборови (поим за ракописни букви);<br><br>- да се оспособува да пишува зборови и куси реченици;<br><br>- да се оспособува да дополнува испуштени букви во зборот и збор во реченицата;<br><br>- да се оспособува самостојно да составува и да пишува зборови и реченици по дадени слики, предмети и сл. | - Усвојување на малите и на големите ракописни букви преку поединечно пишување | - Македонско ракописно кирилско писмо. | -Вежби за усвојување на малите и големите ракописни букви (графичка обработка) преку поединечно пишување и пишување зборови и покуси реченици.<br>-Вежби за правилно пишување и поврзување на буквите во зборот и во реченицата (аналитичко-синтетички метод со елементи на глобалниот метод).<br>Вежби за дополнување на испуштени букви во зборот и испуштен збор во реченицата.(во која се опишува конкретен настан).<br>Вежби за препишување на краток текст (од ракописно на ракописно и од печатно на ракописно).(од табла)<br>- Вежби за самостојно составување на реченици по дадени зборови, слики, предмети и сл.(преку опишување на истите)<br>-Вежби за составување на приказни по слика. |

## ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | **1. Граматика** | | |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособува да разликува глас и шум;<br>- да ги изговара правилно гласовите во зборот и зборовите во реченицата; | - Глас / шум | - Глас / шум | -Вежби и игровни активности за разликување на глас и шум.<br>- Препознавање на глас во зборот, разликување, артикулација и правилно изговарање на гласот во зборот и зборот во реченицата.<br>-Корективни вежби за учениците кои неправилно изговараат одредени гласови (со помош на аналитичко-синтетичка метода). |
| - да се оспособува правилно да составува реченица;<br>- да ги подредува правилно зборовите во реченицата; | - Редот на зборовите во реченицата | Зборored во реченицата | - Вежби и игровни активности за составување правилни реченици по правилен зборед во реченицата (со помош на слики).<br>-Најпрво се поставуваат слики на кои има одредени активности, предмети, појави и под нив се испишува или поставува соодветниот поим. |
| - да се оспособува да разликува расказна, прашална и извична реченица и правилно да ги употребува; | - Расказна, прашална и извична реченица | - Расказна, прашална и извична реченица | -Вежби и игровни активности за воочување и составување на прашални, расказни и извични, едноставни, конкретни, реченици во усна и писмена форма според начинот на искажување и според интерпункциските знаци (со помош на слика). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособува да именува лица, суштества, растенија, предмети и појави;<br>- да го усвои поимот за именка и да ги препознава имињата на луѓето, предметите, растенијата и животните во реченицата; | - Именки што означуваат имиња на луѓе, предмети, растенија и животни | - Именки | -Вежби за именување на лица, предмети, растенија и животни во реченица (кои се дел од секојдневното опкружување). |
| - да се оспособува правилно да ги изговара и да ги пишува со букви броевите до 20; | - Броеви до 20 | - Броевите како видови зборови | -Вежби за правилно изговарање и пишување на броевите до 20 со зборови (интегрирано со математика). |
| - да се оспособува да ги дели зборовите на слогови со употреба на цртичка; | - Поделба на зборовите на слогови | - Слог | -Вежби за делење на зборовите на слогови (усно и писмено) и пренесување на дел од зборот во друг ред (постепено најпрвин двосложни, тросложни). |
| - да се оспособува да ги разликува гласовите и правилно да ги употребува; | -Дискриминација на гласовите (ц, ѕ, з, с, ч, џ, ш, ќ, ѓ,л, љ, њ, р) | | -Вежби за разликување и правилно изговарање на гласовите и нивна правилна употреба при пишувањето. |
| - да се оспособува правилно да употребува голема буква;<br>- да се оспособува да ги применува интерпункциските знаци при пишувањето. | - Пишување на голема и мала буква<br>Интерпункциски знаци:<br>- точка<br>- запирка<br>- прашалник<br>- извичник | - Голема буква | -Вежби за употреба на голема буква на почетокот на реченицата и во зборови што означуваат лично име и презиме.<br>-Вежби за примена на интерпункциските знаци (точка и прашалник). |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | Истакнување на најзначајните карактеристики на главните ликови. |
| - да се оспособува да воочува и да препознава наслов;<br>- да разликува текст, илустрација;<br>- да ги пронаоѓа страниците во читанката; | - Текст: наслов, име на авторот, содржина, илустрација | - Наслов<br>- Илустрација<br>- Автор | Вежби за воочување, препознавање и разликување на насловот на текстот, текстот, авторот, илустрациите и пронаоѓање на посочена страница. |
| - да се оспособува за гласно читање;<br>- да се оспособува да разликува видови текстови;<br>- да се оспособува да чита по улоги и да ја воочува темата и пораката на текстот; | - Читање<br>-Текстови: проза, поезија (песна - стихотворба), поговорки, гатанки, брзозборки | - Песна<br>- Стихотворба<br>- Драмски текст<br>- Поговорка<br>- Гатанка<br>- Брзозборка | -Вежби за правилно читање, доживување и разбирање на текстот.<br>- Вежби за откривање на темата и пораката.(поуката од текстот)<br>-Прераскажување на прочитаното со свои зборови.(со помош на илустрација)<br>-Вежби за драматизација на текст и читање по улоги. |
| - да се оспособува да ги воочува настаните (случките) и ликовите; | - Настан (случка)<br>- Лик во текстот (приказна, бајка, песна, гатанка) | - Настан (случка)<br>- Приказна<br>- Бајка<br>- Лик | -Вежби за разбирање и проверување на прочитаната содржина (со помош на прашања и потпрашања)<br>-Воочување на впечатлива карактеристика на некој лик и повикување на текстот.(раскажување со свои зборови) |
| - да се оспособува да чита поезија и да ги препознава строфите во песната (стихотворбата); | Песна (строфа) | - Песна<br>- Строфа | -Вежби за читање на песна (стихотворба), воочување на строфите во песните и стиховите.<br>-Учење напамет на песната или дел од неа(кратка)<br>-Рецитирање на песна или дел од неа.<br>-Вежби за извлекување поука од прочитаното. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособува да чита разбирливо, со почитување на употребените интерпункциски знаци;<br>- да го прилагодува гласот кон природата на содржината на текстот;<br>- да ги акцентира правилно зборовите во реченицата; | Гласно читање | - Гласно читање<br>- Изразно читање | -Вежви за правилно и разбирливо гласно читање.<br>-Вежби за правилно акцентирање на зборовите.<br>-Корекција на неправилната артикулација. |
| - да се оспособува за читање во себе; | Читање во себе | - Читање во себе | -Вежби за воведување на читањето во себе и сфаќање на прочитаниот текст.<br>-Проверување на читањето во себе преку одговарање на поставените прашања и потпрашања. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br><br>- да се оспособува да слуша говор и да учествува во разговор за определена тема;<br>- да се поттикнува да ја развива аудитивна перцепција;<br>- да се поттикнува на интеракција и вербална комуникација; | - Слушање: говор и разговор за теми од животот во семејството, училиштето и непосредната околина | - Говор / разговор | -Вежби за слушање на други лица и за учество во разговор преку раскажување, прашања и одговори за определена тема со користење на предмети, слики, аудитивни и аудиовизуелни средства. |
| - да се оспособува да прераскажува обработени куси содржини (слободно и со помош на прашања); | -Анимиран, цртан и куклен филм, ТВ емисија и бајка | - Прераскажување | -Прераскажување на познати содржини преку одговор на прашања.<br>-Прераскажување на случки од секојдневниот живот и нивно изложување по редослед. |
| - да се оспособува да раскажува по низа слики, зададени зборови и по доживеан настан;<br>- да се оспособува да ги раскажува настаните по логички редослед;<br>- да се оспособува да опишува преку набљудување растенија, предмети и животни;<br>- да се поттикнува и насочува да забележува битни елементи на предметот, растението, животното. | - Раскажување:<br>- по серија слики<br>- по дадени зборови<br>- по настан<br><br>- Опишување: предмет, животно, растение и др. | - Раскажување | Вежби за поедноставно и слободно раскажување на доживеан настан во семејството, училиштето, околината на излет, летување, зимување и сл., преку говорно-спонтано изразување и разговор со посложени барања, и раскажување според низа слики, зададени зборови итн.<br>-Вежби за опишување преку набљудување, воочување, откривање, забележување, со збогатување на речникот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособува да рецитира песна (стихотворба);<br>- да врши драматизација на песна во дијалошка форма;<br>- да се оспособува писмено да прераскажува кус текст (содржина од ТВ);<br>- да се оспособува да раскажува писмено доживеан настан;<br>- да се оспособува писмено да опишува лица, предмети животни, растенија;<br>- да се оспособува правилно да ги пишува буквите за карактеристичните согласки во зборот;<br><br>- да се оспособува да пишува честитки по повод одредени празници, роденден и сл. | - Рецитирање<br>- Драматизација<br><br>- Прераскажувањ е<br>- Раскажување<br>- Опишување<br><br>- Слободен диктат<br>- Диктат со пресретнување на грешки<br>- Честитка | - Рецитирање<br><br>- Прераскажување<br>- Раскажување<br>- Опишување<br><br>- Диктат<br><br>- Честитка | -Ортоепски (правоговорни) вежби преку рецитирање песна, драматизација на обработени песни.<br><br>-Писмено раскажување и прераскажување на настан, кус текст од буквар, читанка, списание, ТВ - емисија и опшување на растение.<br>-Писмено раскажување со зададени насоки, илустрации и потпрашање за одреден настан, едноставен текст, омилен текст од списание, омилена ТВ - емисија.<br><br>-Вежби за проверување и правилно пишување на буквите за гласовите: ц, ѕ, з, с, ч, џ, ш, ќ, ѓ, љ, њ, р (вежби за правилно разликување и пишување на согласки слични по звучност).<br>- Пишување честитки по повод одредени празници, родендени и др. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:** | | | |
| - да се поттикнува на селективно следење телевизиски содржини; | - ТВ - емисија<br>- Филм | - ТВ - емисија<br>- Филм | -Разговор за поттикнување за следење на образовни телевизиски содржини и филмови со содржини соодветни на возраста.<br>-Прераскажување на телевизиска, едноставна, содржина прилагодена на возраста и извлекување на поука од истата. |
| - да се оспособува да прави разлика помеѓу театарска и куклена претстава, да ги воочува основните разлики помеѓу нив и литературното дело; | - Театар (куклена претстава) (литературно дело) | - Театар<br>- Куклена претстава<br>- Литературно дело | -Посета на неколку театарски и куклени претстави во театар за деца и младинци и разговор за истите.<br>-Посета на анимиран филм во кино - сала и прераскажување на истиот.<br>-Подготовка и учество во куклена претстава. |
| - да пројавува интерес за следење на детски печат (весници и списанија); | - Детски печат | - Детски печат - списание | -Запознавање со рубриките во списанието, користи информации од него. |
| - да позајмува книги од библиотеката и правилно да се однесува кон нив; | - Училишна библиотека | - Библиотека<br>- Училишна библиотека библиотекар | -Посета, запознавање, намена и користење на училишната библиотека. |
| - да се оспособи за разговор преку телефон. | -Телефон (телефонски разговор) | - Телефон<br>- Телефонски разговор | -Вежби за користење на телефонот за примање и соопштување на информации.<br>-Поттикнување на интеракција и вербална комуникација низ насочен телефонски разговор. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Кај учениците со пречки во психичкиот развој подготовките за читање и пишуваање траат многу подолго за разлика од нивните врсници без проблеми. Пред воопшто да се почне со подготовките за читање и пишување, кај нив треба да се постигне одреден степен на вербалнно изразување, визуелна, аудитивна и тактилна дискриминација на фината моторна координација на раката. Кај нив се забележуваат тешкотии при вербалното учење, особено при употребата на вербалните симболи и разбирањето на содржината. Нивниот речник е сиромашен, имаат тешкотии во артикулацијата.

Во периодот на претчитање и претпишување една од основните задачи на наставникот-дефектолог е да се посвети внимание на развојот на правилна артикулација, функционалниот говор и на корекцијата на неправилно изговорените гласови и зборови. Наставникот треба да биде добар говорен модел (да демонстрира соодветни говорни техники, да создава клима за работа и да поттикнува спонтано вербално изразување). Кога е во комуникација со ученик кој има проблеми со говорот, не е препорачливо постојано да го опоменува (особено кога е во окружување на соучениците).

Способноста за читање, всушност, претставува идентификација и интерпретација на декодираните знаци. Способноста за идентификација се нарекува и техника на читањето, а може да биде на различно ниво. Нивото на техниката на читањето го определува нивото на декодирање на смислата и на значењето на текстот кој се чита.

Способноста за интеграција се однесува на сфаќањето, разбирањето и вреднувањето на значењето на знаците кои читателот ги идентификувал. Овие две компоненти се меѓусебно условени. Повеќето ученици успешно ја совладуваат идентификацијата или декодирањето на знаците (буквите) и тоа е релативно конечен процес, но сфаќањето и интерпретацијата на прочитаното не се сите во состојба да ги совладаат.

Кога се говори за тешкотиите во читањето, се вели дека тие, главно, се јавуваат при совладувањето на техниката на читањето, односно идентификацијата – декодирањето на знаците. Тие може да се аспектирани од физиолошки и невролошки фактори, сензорни недостатоци, проблеми во аудитивната и визуелната пецепција, интелигенцијата, заостанувањето во развојот на говорот, емоционалните проблеми, социјалните фактори, латералноста, школските варијабли (наставникот и неговата стручност, зрелоста на ученикот за учење на читањето, неадекватниот модел за учење на читањето, стравот од училиштето, наследните компоненти и др.). Дијагнозата на пореметувањето во читањето не е едноставна затоа што често тоа е интеракција на повеќе фактори, а се случува некоја од причините истовремено да биде и последица на тешкотиите во читањето (пр. конфликт во училиштето или страв од читање).

- Предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: **запознавање на околината, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование**. За

предметното подрачје **Почетно читање и пишување** - ***Подготовка за почетно читање и пишување*** интегрирано планирање има со: *запознавање на околината* (кога ученикот се запознава со новата-училишна средина, а, исто така, по овој предмет има можност да слуша за многу теми, па за нив да се раскажува, прераскажува или да се опишува); со *математика* ( при сфаќање на односот меѓу предметите и зборовите, поимите: горе / долу; лево / десно; ниско / високо; повлекување линии; со *ликовно образование* (со повлекување на разни видови линии се прави подготовка за пишување, каде што со слободното цртање се доаѓа до елементите на буквите); со *музичко образование* (каде се вежбите за правилно дишење и вежбите за изговор на гласовите и на зборовите, имитирањето на гласовите од природата); со *физичко образование* (се прават вежби за правилно дишење и вежби за развојот на ситната мускулатура на рацете). Во наставното подрачје ***Изразување и творење***, зависно од формата на изразување, интегрирано планирање е можно со: *запознавање на околината, ликовно образование, музичко образование.* Содржините од ***Читање, литература***, може интегрирано да се планираат со: *запознавање на околината, ликовно образование, музичко образование.* Наставното подрачје ***Јазик*** интегрирано може да се планира со предметот *математика* (за броевите, при групирање на зборовите). Наставното подрачје ***Медиумска култура***, *зависно од содржините, може интегрирано да се планира со: запознавање на околината, ликовно образование и музичко образование.*

Секое наставно подрачје дијалектички упатува на системот на наставата по предметот македонски јазик, зашто предметните подрачја даваат такви можности според структурата, т.е. нивните содржини. Имено, не може да се одржува настава по литература, а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на граматичката точност про говорењето и пишувањето) или, пак, јазична содржина да се разгледува надвор од обработен текст, како и да не се користат знаењата за јазикот во изразувањето и творењето). Оваа поврзаност меѓу наставните подрачја по предметот македонски јазик е битна, исто како што е и поврзаноста на предметот со другите предметни содржини, што претставува важен вид на реализација на работата во основното училиште.

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови* - 216 часа годишно, 6 часа неделно.
- По наставни подрачја се предлага: Почетно читање и пишување - 70 часа; Јазик - 20 часа; Читање, литература и лектира - 80 часа; Изразување и творење - 36 часа; Медиумска култура - 10 часа.
- Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со Наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (Почетно читање и пишување, Јазик, Читање, литература и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура). При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето каде што работи наставникот. Со планирањето се има предвид респективната вредност на структурните подрачја. Исто така, треба да се уважува

фактот дека на програмските содржини од предметното подрачје, во планот за работа, им се дава место и се планира времето за нивна реализација според нивната образовно-воспитна вредност во однос на програмските цели и задачи. На сите содржини не може и не треба да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Појдовна основа при планирањето да ја чини наставната материја и временскиот рок од неа да зависи. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

- *Наставни средства:*
  - учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот- буквар, читанка;
  - букварка, енциклопедии, речници и сл.;
  - Интернет, образовни софтвери (*ToolKid* и др.);
  - списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
  - аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот - ЦД (*Бушавата азбука* и др. литературни текстови, звучна читанка);
  - други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови итн.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалниот развој и физичкиот развој.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Во текот на наставата по македонски јазик во второ одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски кзработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;

- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;
- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно и во кои наставникот внесува **податоци за постигањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по македонски јазик (когнитивно-интелектуален, социо-емоционален и психомоторички аспект). *Евалвационите листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на нивото на второ одделение и не се преодни за повисокото одделение.*

*МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ - На крајот од второто тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување.*

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување наставникот ја констатира (опишува развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*
- Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Завршната аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ* - Согласно со природата на програмата по македонски јазик во второ одделение, во која нема описменување, проверувањето и описното оценување треба да се реализираат *усно, практично, преку презентација и говорни вежби, или сликовно-писмени вежби со подвлекување, заокружување и сл.*

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *македонски јазик* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој ја донесе

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ

Скопје, ____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2011/4
27.07 2009 год.
СКОПЈЕ